Информатика
VIII одделение

Програмирање во C++ со OnlineGDB

VIII одделение • Час 2 од 28 • 40 минути

Денес ќе научиме:

- Како се отвора OnlineGDB
- Каде се пишува кодот
- Како се избира C++
- Како се извршува програма
- Каде го гледаме резултатот



Цел: До крајот на часот секој ученик самостојно да напише и изврши едноставна C++ програма.

Наставник: Леонид Крстевски

Што е OnlineGDB?

Тема 3 / C++ • Час 2 од 28

OnlineGDB е веб-околина за пишуѵање, извршуѵање и проверување компјутерски програми.

Со неа можеме:

- Да пишуваме C++ код.
- Да го извршуваме кодот.
- Да ги гледаме резултатите.
- Да ги пронаоѓаме грешките.



Зошто ќе ја користиме?

Не мора да инсталираме посебна програма на компјутерите. Потребни се прелистувач и интернет-врска.

Практично:

Отвори ја страницата **www.onlinegdb.com**.

Запознавање со работната околина

VIII одделение • Час 3 од 28 • 40 минути

Editor – тука го пишуваме кодот

Console / Output – тука го гледаме резултатот



Language – тука избираме C++

Run – го извршува кодот

Најважно е да знаеме каде се пишува кодот и каде се појавува резултатот.

Да ја напишеме нашата прва програма

VIII одделение • Час 4 од 28 • 40 минути



Чекори:

1. Провери дали е избран C++.
2. Напиши го кодот точно.
3. Провери дали ги имаш сите загради и точка-запирка.
4. Кликни на Run .
5. Погледни го резултатот во конзолата.

>_ Output

```
Zdravo, ucenici!
```

Прашање: Која инструкција го прикажува текстот на екранот?

Што ако направиме грешка?

При програмирање е нормално да направиме грешка. Важно е да научиме да ја пронајдеме и поправиме.



Што недостасува на крајот од инструкцијата cout?

Активност:

Отстрани точка-запирка, кликни Run, забележи ја грешката, па поправи ја програмата.

Синтаксичка грешка настанува кога не се почитуваат правилата за пишување на програмскиот јазик.

Самостојна практична вежба

Практична вежба 2 – Мојата прва програма

Создади програма која на екранот ќе го прикаже следниот текст, секоја реченица во посебен ред:

1. Jas sum ucenik vo VIII oddelenie.
2. Mojot omilen predmet e Informatika.
3. Denes ucime C++.



Услови:

- Користи cout.
- Секоја реченица нека биде во посебен ред.
- Самостојно изврши ја програмата со Run

Помош: Можеш да користиш три cout инструкции или \n за нов ред.

За побрзите: Промени го текстот и додај уште една реченица.

Како да ја зачуваме нашата програма?

VIII одделение • Час 2 од 28 • 40 минути



Save

за зачувување проект



Share

за споделување врска кон кодот



Download

за преземање на кодот на компјутерот



За почеток не е потребна регистрација. Доволно е успешно да ја извршиме програмата и да го покажеме резултатот.

Потсетување: Ако немаме сметка, не мора да се најавуваме.



Кратко повторување

VIII одделение • Квиз со 5 прашања

1.		За што се користи OnlineGDB?	A) За уредување фотографии	B) За пишување и извршување програми	C) За креирање табели
2.		Каде го пишуваме програмскиот код?	A) Editor	B) Output	C) Share
3.		Кое копче го користиме за извршување на програмата?	A) Save	B) Debug	C) Run
4.		Каде го гледаме резултатот од програмата?	A) Language	B) Console / Output	C) Settings
5.		Која инструкција се користи за приказ на текст?	A) cin	B) cout	C) main



Домашна задача: Отвори: OnlineGDB дома и напиши програма што прикажува три реченици за твоето омилено хоби.

Мини важни реченици

Запиши во тетратка ✍️



1. **OnlineGDB** е веб-околина за пишување, извршување и проверување компјутерски програми.



2. **Editor (уредувач)** е делот од програмската околина во кој го пишуваме програмскиот код.



3. Копчето **▶ Run** служи за извршување на напишаната програма.

4. **Console / Output** е делот во кој се прикажуваат резултатите од извршувањето на програмата.



5. **Синтаксичка грешка** настанува кога не се почитуваат правилата за пишување на програмскиот јазик.



6. Копчето **Save** служи за зачувување на проектот, а **Share** за споделување на програмскиот код преку врска.



Овие реченици се важни за тетратка и за идниот тест.

КОРИСЕН ЛИНК ЗА КОДОТ

За тие што сакаат подетално да погледнат што значи секоја функција и дел од кодот:

https://onlinegdb.com/C4KtVW2H8



Отворете го линкот за да ги видите примерите од часот и објаснувањата.

Наставник: Леонид Крстевски